# Ми го затвориле младиот Јорданчо




Ми го затвориле,младиот Јорданчо
ми го затвориле во темни зандани ) 2п

Тамо ми лежеше време три години
време три години и шест месеци ) 2п

Во зандани има вода до колена
вода до колена,коски до рамиена ) 2п

Кога дојде време Јордан да се пушти
право тој ми оди во негово село
во негово село,во негова куќа.

Два пати ми чукна,три пати подвикна
кога го дочула неговата мајка
порти отворила сина прегрнала

Каде ми е мајко,мојто верно либе
твојто верно либе,сношти се омажи
сношти се омажи,за твојот побратим.